# ПРИЛОЗИ

Д. ДИМЕСКИ

## БОРБАТА КАЈ с. БАНИЦА, ЛЕРИНСКО, 1903 ГОДИНА

Непосредно по завршувањето на Смилевскиот конгрес — во Леринско започнале интензивни подготовки за претстојното востание. За тоа најдобро сведочи циркуларот што го испратило реонското раководно тело до раководството на Буфскиот центар.[1])

Паралелно со тоа дигнала глава големогрчката пропаганда која се обидувала преку колаборирање со турските власти да го спречи растежот на македонското национално-ослободително движење во Леринско. Тоа особено дошло до израз по Ѓурѓовденскиот масакар во Битола,[2]) кога како резултат на денунцијатската политика на големогрчките елементи почнале апсења на македонски револуционери во Лерин. Поради тоа постоела реална опасност од провала во Леринската организациона мрежа. Опасноста ја достигнала својата кулминација со деноноќното кружење на турски потери по леринските села, поради што Дервентски[3]) со писмо од 14 мај 1903 год. го предупредил реонскиот раководител Георги Папанчев.[4])

---

[1]) Циркулар за раководното тело на Буфскиот центар, — Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание, Илинденски зборник, Скопје, 1953, 15—16.

[2]) Поопширно види: Д. Димески, Ѓурѓовденскиот масакр во Битола, 1903 г., — сп. Историја, VII/2, Скопје, 1971, 141—152.

[3]) Под овој псевдоним веројатно се крие Коста Груев. Тој во почетокот на писмото се заблагодарува на Конгресот (Смилевски, м.б.) за честа што му е направена со назначувањето за член на раководното тело, а потоа ја изнесува положбата во Лерин и Леринско по заминувањето на делегатите на Конгресот. Потребно е да се истакне следнава карактеристика на Дервентски за малодушноста што ги опфатила некои членови на ТМОРО: „Останатите само трепераат и секоја минута се готови да се подложат на искушение од вообразениот грчки комитет. Моето присуство тука ги тера да си стојат на своите позиции, инаку ќе си ги измиеме рацете од Мадрид." (Псевд. за Лерин).

Под псевдонимот Дервентски единствено уште може да се крие Алекса Настев. Меѓутоа, веројатноста е многу помала поради следново:

1. А. Настев веќе имал псевдоним — Церовски, по родното с. Церово:
2. А. Настев одамна бил нелегален, па поради тоа тешко можел да опстане во Лерин.

[4]) Писмо од Мадрид, 1. V. ст. ст. 1903, — Љ. Лапе, Извештаи од 1903 год. на српските консули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, ИНИ, Скопје, 1954, 259—260.

Во ваква напната атмосфера пристигнал циркуларот на Главниот штаб од 27 мај 1903 година.[5]) Со овој свој прв службен акт Главниот штаб, поаѓајќи од решенијата на Смилевскиот конгрес, пристапил „кон реорганизација на дотогашните тела на Организацијата, префрлајќи ја власта од градските, неподвижни реонски тела, на горските подвижни тела".[6]) Со овој циркулар на Главниот штаб, Леринското горско началство во состав: Георги Папанчев, Михаил Чеков, Александар Поп Настев и Коста Груев — добило не само широки прерогативи, но и конкретни задачи сврзани со подготовките за претстојното востание.[7]) Оттаму резултира Советувањето на леринските раководители во с. Баница.[8]) На Советувањето биле повикани сите раководители од Леринско. Според Чекова, на Советувањето во Баница дошле 40 души.[9]) Советувањето започнало на 10 јуни 1903 година.[10]) Самиот тек на Советувањето не е познат. Од скудните податоци дознаваме един-

---

[5]) Главенъ щабъ, № 1, 14 май 1903 г., Окрѫжно, — Љ. Лапе, Извештаи од 1903.., 260—2.

[6]) Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание, — Илинденски зборник, Скопје, 1953, 15; Проф. Љ. Лапе, Некои веоноуправни тела и установи пред и во време на Илинденското востание и нивното функционирање, — Илинден 1903, Материјали од Симпозиумот по повод 65 год. од Илинденското востание, Скопје, 1970, 60.

[7]) Зачуван е единствено преписот на циркуларот што се однесува конкретно на Леринскоит реон. Сп. Љ. Лапе, Извештаи од 1903.., 259.

[8]) Според Д. Георгиев, Папанчев од 28—30 мај (15—17 мај ст. стил) 1903 г. престојувал во с. Попадија. Тогаш го закажал Советувањето во с. Баница за 10 јуни. Сп. Къмъ борбите въ Югозападна Македония (кичевско, битолско, леринско, преспанско, дебърско), По спомени на Л. Джеровъ, Г. п. Христовъ, А. Андреевъ, *Г. Папанчев* и Л. Димитровъ, МНИ, кн. IV, София, 1926, 97; Ст. Аврамов, кој ги акцептирал податоците на Д. Георгиев, тврди дека Папанчев на 30 мај (17 мај ст. ст.) 1903 г. испратил писма за средбата во Баница. (Ст. Аврамовъ, Силянъ Пардовъ, Ил. Илинденъ, XV/2 (142), София, 1943 г., 8).

[9]) Спомени на М. Н. Чеков, — Илинденско-преображенското въстание, София, 1968, 260.

Меѓутоа, според Мајски, дошле околу 32 души групирани во четите на Папанчев, В. Попов, Лечо П. Атанасов, Л. Џорлев и на воденскиот војвода Страхил. Изгледа Мајски се послужил со исказот на Мице Мискарот од с. Баница. Сп. Н. Кировъ Майски, Леринско въ моитѣ спомени и преживѣлици презъ учебнитѣ 1902/3 и 1905/6 г., София, 1942, ракопис, Архив на ИНИ, Скопје, сл. IV. 138, 25; Според Д. Георгиев, на Советувањето биле повикани и воденските војводи Ташко Димитров и Страти Дачев. Сп. Къмъ борбитѣ..., 97; Ст. Аврамовъ, С. Пардовъ..., 8.

[10]) 28 мај ст. стил 1903 год.

Къмъ борбитѣ.., 97; Ст. Аврамовъ, С. Пардовъ.., 8.

Според Д. Георгиев, Советувањето се одржувало во двокатната куќа на Васил Ников. Меѓутоа, според Мајски, пристигнале во Баница на 25 мај/7 јуни вечерта. Војводите се сместиле во куќата на Мице Туџаров, а четниците во домовите на Ѕоле Дафов, Мице Алушев, Стојче Танев, Типе Петков, Кире Парталот, Перо Попов и Ѓаса Шишарева. (Н. К. Майски, Леринско въ моитѣ спомени..., ракопис, сл. IV, 138, 25).

ствено дека главната тема на Советувањето била од сферата на подготовките за претстојното востание.[11])

Неочекувано предавство, што произлегло од обидот за проневера на организациони пари, го поматило позитивниот исход на Советувањето.[12]) Така, на 11 јуни 1903 година[13]) с. Баница осамнало опколено од броен турски аскер.[14]) Борбата била неизбежна. Револуционерите се нашле пред алтернативата: или да се утвр-

---

[11]) Спомени на М. Чеков, Илинденско-Преображенското въстание..., 260. „Истовремено требаше, си спомнува Чеков, да се вклучат во некоја чета дојдените од Софија Васил Попов и Силјан Партов од кои едниот беше определен за помошник, а другиот за секретар на војводата (Папанчев, м. б)". (Спомени.., 260): Меѓутоа, според Д. Георгиев и Ст. Аврамов, Силјан Пардов (а не Партов) бил веќе војвода на Буфскиот центар. Сп. Къмъ борбитѣ..., 97; Ст. Аврамовъ, Силянъ Пардовъ.., 7—8.

[12]) Според австроунгарскиот конзул во Битола, Аугуст Крал, предавството го извршиле повеќе селани од Баница со намера да присвојат 250 т. лири од комитетската каса. (Извештај на А. Крал бр. 81/22 јули 1903, — Д. Зографски, Извештаи од 1903—4 год. на австриските претставници во Македонија, ИНИ, Скопје, 1955, 49).

Се чини дека е пореален податокот што го дава М. Чеков. Според Чекова-Папанчев своевремено го определил Гелета Рјапов од Баница да собира пари во се лото за потребите на Организацијата. Рјапов собрал 70 лири и за да ги проневери, решил да изврши предавство. Меѓу другото, Рјапов и соопштил на селската стража дека четата заминала со што „патот на Турците за напад бил отворен." (Спомени на М. Чеков..., 261).

Според Мајски, предавник бил Геле Ничов, раководител на месниот селски комитет. Своевремено Наце Дајков го обвинил Гелета Ничов за шпиунажа барајќи смртна казна. Меѓутоа, Папанчев го оправдал. (Н. К. Майски, Леринско въ моитѣ спомени и преживѣлици..., 24, 26). Меѓутоа, според Д. Георгиев, предавството го извршил синот на раководителот на селото Геле Лазов. Георгиев не спомнува за мотивот на предавството. (Къмъ борбитѣ..., 97). Очигледно е дека зад трите презимиња (Рјапов, Ничов, Лазов) се крие иста личност.

[13]) 29 мај ст. стил 1903 година.

Извештај на А. Крал бр. 81/22 јули 1903, — Д. Зографски, op. cit., 49; Към борбитѣ..., 97—98; Ст. Аврамовъ, С. Пардовъ.., 8; Љ. Лапе, Извештаи од 1903 год. на српските консули..., 259, фусн. 2; Кон горниов датум посредно се надоврзува и Борис Сарафов. „За датумот на востанието, истакнува Сарафов, првпат заговоривме над с. Бабино (Демирхисарско) со Лозанчева, Тошева и Груева на 1 јуни (14 јуни н. стил, м. б.). Беа паднале во тоа време многу четници, беа станале доста сраженија. Токму бевме добиле известие за избивање на целото раководно тело во Леринско, имено во с. Баница, каде беа убиени Папанчев и Вас. Попов." (Спомени на Д. Груевъ, *Б. Сарафовъ* и Ив. Гарвановъ, МНИ, кн. V, София, 1927, 92).

Меѓутоа, според српскиот конзул М. Г. Ристиќ, борбата се одиграла на 28 мај ст. стил/10 јуни н. стил. Извештај на М. Г. Ристиќ п. п. бр. 406/25 јуни ст. стил 1903 г., — Љ. Лапе, Неколку нови документи за 1903, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, т. 6, 1953 г., 245; Според Г. П. Христов, борбата се одиграла на 26 мај/8 јуни 1903 г. (Къмъ борбитѣ.., 42; Г. п. Христов, Революционната борба в Битолския окръг, София, 1953, 57). Ова датирање го прифатиле: Христо Силјанов (Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т. I, София, 1933, 274) и Мајски (Н. К. Майски, Леринско..., 25—37). Оваа борба најрано ја датира М. Чеков, на 20 мај/1 јуни 1903, но со оглед на презентирањето на спомените (1956 г.) непосредно пред смртта, ова датирање е сосем несигурно. (Спомени на М. Чеков,... 260).

[14]) Според Д. Георгиев, с. Баница било опколено од 4 табури аскер кои, меѓу другото, биле екипирани и со два топа. Аскерот дошол од Лерин. Къмъ борбитѣ, 97.

Бројната величина на турскиот аскер, поради недостиг на други податоци, не можевме да ја утврдиме. Бројката на аскерот во горниот податок е секако презголемена.

10*

дат во селските куќи и да се обидат да ги издржат турските атаки до смрачување, па потоа да се обидат да го пробијат турскиот обрач, или веднаш да го напуштат селото и со борба да се провлечат низ најслабата алка на турскиот синџир. Тие го избрале второто, со цел да се избегне опожарувањето на селото.[15])

Меѓутоа, тоа, со оглед на рамничарскиот терен, било мошне рискантно и не е чудно што завршило фатално. Пробивот спрема железничката линија револуционерите мошне скапо го платиле.[16]) Проаѓајќи низ бришаниот простор, без можност за посериозна одбрана, на бојното поле останале покосени 17 револуционери.[17]) Дотогаш турските загуби биле релативно мали.[18])

Во борбата кај с. Баница, Леринско, загинале:

1. Георги Папанчев, потпоручник од Сливен, Бугарија;[19])
2. Васил Попов, родум од Стара Загора, Бугарија;
3. Страти Дачев, р. од Котел, Бугарија;

---

[15]) Спомени на М. Н. Чеков. . ., 250.

[16]) Според Чеков, револуционерите се откажале до првобитната намера пробивот да го извршат во правецот на селските гробишта, а се упатиле во правец на железничката станица. До промената дошло по пробите извршени со помош на неколку селанки. (Спомени на М. Н. Чеков, Илинденско-Преображенското въстание, София, 1968, 260).

Верзијата на Мајски, со оглед на тоа што самиот не учествувал во борбата, е мошне несигурна. (Н. Кировъ Майски, Леринско въ моитѣ спомени и преживѣлици. . ., 25—27).

Според верзијата на Д. Георгиев, Папанчев му наредил на Леко Георгиев Балкански да си пробие пат во правецот на селската црква. Балкански о°група четници во тоа успеал. По него тргнал Папанчев со останатите. (Къмъ борбитѣ. . ., 98).

[17]) Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония. . ., 98—9; Ст. Аврамовъ, Силянъ Пардовъ. . ., 8; Љ. Лапе, Извештаи од 1903. . ., 259, фусн. 2.

Меѓутоа, според М. Чеков, биле убиени —8 души (Спомени., 260). Тоа гледиште го застапува и Мајски (Н. К. Майски, Леринско. ., 26). Според Силјанов, загинале 9 мина (Хр. Силяновъ, op. cit., 274); Според Г. П. Христов, загинале 10-на души (Къмъ борбитѣ. . ., 42). Според М. Г. Ристиќ (П. п. бр. 406/25. VI ст. ст. 1903, — Љ. Лапе, Неколку нови документи за 1903 год., — Год. зборн. на Филозофскиот факултет во Скопје, т. 6, 1953, 245) — загинале 12 комити, а останатите избегале; Истава бројка од 12 убиени „бунтовници" ја изнесува и баронот Калице во својот Прилог кон политичкиот извештај бр. 35 Д, — Т. Томоски, Документи од Виенската архива за Македонија од 1879—1903 год., ИНИ, Скопје, 1955, 120, 122.

Освен тоа, биле ранети двајца четници од кои едниот тешко. Благодарение на првата помош дадена по пробивот, тешкиот раненик бил спасен. (Спомени на М. Чеков. . ., 260—261).

[18]) Според М. Г. Ристиќ, во борбата кај с. Баница загинал само еден турски војник. (Извештај на М. Г. Ристиќ п. п. 406. . ., 245). За еден срушен турски војник говори и М. Чеков. (Спомени на М. Чеков. . ., 260). Можно е, во заврзаното пушкарење крај железничката линија да биле ранети уште неколкумина турски војници, но за тоа не располагаме со податоци.

[19]) Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония (кичевско, битолско, леринско, преспанско, дебърско), По спомени на Л. Джеровъ, Г. п. Христовъ, А. Андреевъ *Георіи Папанчевъ*, и Л. Димитровъ, МНИ, кн. IV, София, 1926, 83—99; Извештај на М. Г. Ристиќ, п.п. бр. 406/25 јуни 1903. . ., 245.

Не одговара на вистината податокот на Ст. Аврамов дека Папанчев бил поручник, (Ст. Аврамовъ, С. Пардовъ. . ., 8), а уште помалку податокот на А. Крал дека Папанчев бил капетан. (Извештак на А. Крал бр. 81, — Д. Зографски, op. cit., 49.)

4. Силјан Тодоров Пардов, р. од с. Цер, Демирхисарско;[20])
5. Пецо Стојанов, р. од с. Чеганово;
6. Трајко Николов, р. од с, Асаново, Леринско;
7. Христо Тонов, р. од с. Врбени, Леринско;
8. Теофан Кипријанов, р. од с. Брод, Битолско;
9. Стојан Трајчев, р. од с. Пателе, Леринско;
10. Тале Филипов, р. од с. Будимирци, Битолско;
11. Филип Коцев, р. од с. Лесковец, Леринско;
12. Мицко Ганев, р. од с. Жервени, Воденско;
13. Цветко Мицков, р. од с. Асаново, Леринско;
14. Тодор Куртев, р. од с. Сливница, Битолско;
15. Христо Колев, р. од с. Попадија, Леринско;
16. Иван Делчев, р. од Чирпан, Бугарија; и
17. Антон Мицков, р. од с. Полог, Битолско.[21])

Турските војници ги претресле и опљачкале убиените, а потоа, откако ги оскверниле нивните тела, ги наредиле до ѕидот на селската црква.[22]) Покрај тоа, Турците запleниле 10 пушки (систем: манлихер, мартин и грâ), една војничка бугарска сабја и две динамитски бомби.[23]) Во турски раце паднале и две чанти. Во нив нашле разни писма, правилници, брошура, печатена во София со инструкции за употреба на динамит,[24]) клуч за шифра, разни карти и сл.[25]) Постојат индиции дека во чантата на убиениот Папанчев биле најдени, меѓу другото, писмото на Дервентски од 14 мај и циркуларот на Главниот штаб од 27 мај 1903 година.[26])

Непосредно по заминувањето на турската солдатеска, селаните ги погребале загинатите во дворот на црквата Св. Никола, Папанчев, Попов, Пардов и Дачев биле погребани во еден гроб, а останатите 13 мина во заедничка могила.[27])

---

[20]) М. Чеков погрешно го спомнува под името Стојан Партов. (Спомени., 260). Поопширно за Силјан Пардов види: Ст. Аврамовъ, Силянь Пардовъ (1857—1903 г.), Ил. Илинденъ, XV/2 (142), София, 1943, 7—8.

[21]) Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония.., 98—99; Ст. Аврамовъ, Силя Пардовъ..., 8.

[22]) Къмъ борбитѣ..., 98.

[23]) Извештај на М. Г. Ристиќ п.п. бр. 406 (— Турски податоци)..., 245; Барон Калице, Прилог кон политичкиот извештај бр. 35 Д..., 120, 122.

[24]) Љ. Лапе претпоставува дека се работи за брошурата преведена од Герџиков, а напечатена од Г. Делчев за потребите на ТМОРО. Сп. Љ. Лапе, Неколку нови документи за 1903 г., Год. зборн..., 245, фунс. 12.

[25]) Извештај на М. Г. Ристиќ п.п. бр. 406/25. 6. 1903 г..., 245.

Една од чантите била сопственост на Папанчев. Еве што јавува за тоа австроунгарскиот конзул во Битола А. Крал: „Во неговата торба што падна в раце на Турците, се најдоа од него добро изработени крокирани карти на неговата околија, бугарски мапи, инструкции за употреба на динамит, писма и др." (Извештај на А. Крал бр. 81/22. 7. 1903 г..., 49).

[26]) Сп. Извештај на М. В. Веселиновиќ п. п. бр. 970/28 јуни ст стил 1903 г., Љ. Лапе, Извештаи од 1903 год.., 259—262.

Cf. фусн. 7.

[27]) Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония.., 98.

Виновниците за трагедијата во Баница не останале неказнети. За тоа се погрижил Георги Поп Христов, наследник на Папанчева во Леринското горско началство. Така, на 24 јуни 1903 година виновниците биле ликвидирани.[28]) Меѓутоа, нивното елиминирање претставувало бледа компензација во споредба со последиците од нивната провала.

Погрешната тактика на револуционерите, рамниот терен и преморeноста на некои борци од претходната борба кај Екши Су,[29]) придонесле за нивниот трагичен биланс во борбата кај с. Баница.

Борбата кај с. Баница негативно се одразила врз текот на подготовките во леринскиот реон за претстојното востание. Загубата на искусните борци била евидентна. Особено била тешка загубата на Георги Папанчев, горски началник и инструктор на леринските чети.[30]) Од друга страна, борбата кај с. Баница, Леринско влијаела врз активирањето на Главниот штаб во врска со определувањето на датумот на востанието.[31])

---

[28]) 10. јуни ст стил 1903 г.

Според Д. Георгиев, биле ликвидирани Геле Лазов и Крсто Николов (Къмъ борбитѣ., 98). Според М. Чеков, биле егзекутирани Геле Рјапов и неговиот помошник (Спомени на М. Чеков. . . , 261). Меѓутоа, според А. Крал, од четворица осумничени биле ликвидирани тројца предавници. (Извештај на А. Крал бр. 91. . . , 49). И Мајски пишува за казнување на тројца предавници. Според него, биле осудени и ликвидирани на атарот на с. Горничево: Геле Ничов, Кире Кочев и Трајко Куртов. (Н. К. Майски, Леринско. . . , 26—27). cf. ф. 12.

Според Д. Георгиев, за поразот во Баница придонел и војводата Тане Георгиев кој не притекнал на помош, иако со четата се наоѓал наблизу, — во с. Горничево.

[29]) Според А. Крал, Папанчев „одвај неколку дена пред тоа издржа една за него поволна борба кај Екши Су. "(Извештај на А. Крал бр. 81/22 јули 1903 г., — Д. Зографски, op. cit., 49).

[30]) На Смилевскиот конгрес биле определени 6 воени инструктори. Еден од нив бил Папанчев. Сп. Инструкторска служба, — Љ. Лапе, Некои воено управни тела и установи пред и во време на Илинденското востание и нивното функционирање. . . , 65—66.

[31]) Спомени на Д. Груевъ, *Б. Сарафовъ* и Ив. Гарвановъ, МНИ, кн. V, София, 1927, 92. Cf. фусн. 13.